## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, поглаварот на Македонската православна црква, Реисул Улема на Исламската верска заедница во Република Македонија, Скопскиот бискуп и апостолски егзарх на Католичката црква во Република Македонија, проповедникот на Евангелско-Методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската зедница во Република Македонија, Државниот правобранител на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми во мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Оваа седница ја свикав по барање на Претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски.

Го молам Претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски да му се обрати на Собранието, повелете.

**Бранко Црвенковски:** Благодарам.

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, Ваши екселенции, дами и господа,

2008-ма е година која го промени светот. Многу нешта кои само пред една година ни изгледаа еднаш засекогаш зададени, нешта кои ретко кој ги доведуваше под прашање, заминаа во историјата.

Наспроти сите поделби и конфронтации, наспроти глобалната криза во сите други сфери сепак се покажа дека денес човештвото во финансиско-економската сфера е поврзано и меѓусебно зависно како никогаш досега. Секое сериозно пореметување кај било која од големите економии предизвикува последици кои ги чувствуваат сите.

Либералниот концепт на уредување на економијата сериозно го разниша сопствениот кредибилитет. Никој повеќе не тврди дека пазарот е единствениот регулатор, а профитот најдобриот двигател напред. Се трага по нови дефиниции на улогата на државата кои ќе можат да одговорат на новите предизвици.

Барањето на западните демократии упатено до Кина да одигра клучна улога во зачувување на меѓународниот финансиски поредок е нешто што само пред неколку години беше незамисливо.

Тој факт, но и многу други како на пример збиднувањата во енергетскиот сектор или руската интервенција во Грузија најавија нови прераспределби на моќта и влијанието во светски рамки.

Претседателските избори во САД срушија многу стереотипи, ги потврдија највисоките вредности на демократијата и пробудија нови надежи и очекувања не само кај американската нација туку и низ целиот свет.

Се случија крупни промени и во нашиот регион. Албанија и Хрватска добија покани за членство во НАТО, Косово прогласи независност, Србија и Црна Гора се на прагот на стекнување кандидатски статус за членство во Европската унија. Случувањето во и околу Северно Косово, како и проблематизирањето на уставното уредување на Босна и Херцеговина покажуваат дека работата околу целосното и трајно стабилизирање на регионот се уште не е завршена.

Почитувани пратеници,

Република Македонија е мала и млада држава. Ние, ниту можеме да ги менуваме, ниту смееме да ги игнорираме глобалните процеси. Она што можеме и што мораме да го направиме е благовремено да го предвидуваме развојот на настаните и со својата политика да направиме се, позитивните консеквенци од тие глобални процеси по нашата земја да ги валоризираме што е можно повеќе, а негативните последици максимално да ги ублажиме и амортизираме.

Грешка која не смееме да си ја дозволиме и која може скапо да не чини е извлекување на погрешни заклучоци и врз основа на нив дефинирање на погрешни политички приоритети и концепти. Глобалната криза не е шанса, туку опасност за нашата економија. Изолацијата не е предност туку наш хендикеп. Процесите во регионот и во светот, не ја намалуваат туку ја зголемуваат важноста на нашето интегрирање во НАТО и во Европската унија. Што побрзото и што поуспешното остварување на евро-атлантските перспективи мора да биде наш највисок приоритет.

За жал, токму на овој план, во оваа 2008-ма година не само што не го оствривме

планираниот напредок, туку се соочивме со тешко разочарување и неисполнети очекувања.

На Самитот на Алијансата во Букурешт, Република Македонија не ја доби очекуваната покана за полноправно членство.

Во годишниот извештај, Европската комисија не даде препорака за почеток на пристапните преговори со Европската унија.

Со други зборови и двата, инаку меѓусебно компатибилни процеси кои не водат кон евро-атлантските структури се целосно блокирани со сите последици кои од таквата состојба произлегуваат за нашата земја. Како се доведовме до една таква ситуација? Колку од ова што ни се случува е резултат на нашите грешки и заблуди, а колку на фактори од надвор на кои не можевме да влијаеме?

Знам дека околу овие прашања во македонското општество постојат различни, честопати и спротивставени оценки. Се додека е тоа така, се додека не ги усогласиме нашите ставови за она што сме го направиле, не е исполнет првиот и неопходен предуслов за создавање на политичко единство за нашето идно дејствување во однос на реализацијата на нашите стратешки определби.

Во однос на НАТО интеграцијата и Самитот на Алијансата во Букурешт, сакам јасно и недвосмислено да истакнам дека сите критериуми и стандарди за членство од наша страна беа исполнети. Тоа беше оценка на сите членки на Алијансата, без исклучок, вклучително и на самата Република Грција.

Во однос на спорот со Грција околу името на нашата земја како можна пречка за добивањето на покана, од наша страна, и пред и на самиот Самит во Букурешт беше на најдиректен начин демонстрирана неопходната флексибилност и подготвеност за разумен компромис.

Со други зборови, се што зависеше од нас, се што можеше да има битно влијание на конечната одлука во Букурешт, од наша страна беше направено. Единствената причина заради која не добивме покана и не станавме членка на НАТО е ригидниот став на Грција и нејзината неподготвеност ниту да го прифати понуденото компромисно решение ниту да ја почитува Времената спогодба од 1995-та година. Нашиот јужен сосед грубо ја злоупотреби својата позиција на држава - членка и принципот на взаемна солидарност во рамките на Алијансата.

Тоа е вистината за Букурешт. А која е вистината за периодот по Букурешт? Заклучокот на Самитот во однос на Република Македонија создаде нова реалност за која не сум сигурен дека сите во државата сме наполно свесни или во најмала рака дека подеднакво сериозно ја третираме.

Имено, НАТО со својот финален став индиректно го верифицираше ставањето на Времената спогодба вон сила и посочи дека единствениот начин за наш прием во Алијансата е изнаоѓање на взаемно прифатливо решение за спорот околу името. Ние со право можеме да тврдиме дека ваквиот исход не е ниту фер, ниту праведен. Но, со тоа нема да ги промениме работите. Треба да се соочиме со фактот дека во меѓународните односи покрај фер принципи и правни норми постојат интереси и однос на сили, кои многу често се и решавачки.

Американската администрација на чело со претседателот Буш, која беше главен промотор и поддржувач на нашето интегрирање во НАТО, соочена со новонастанатата ситуација јавно и директно ни ја понуди својата помош за успешно приврлшување на преговорите со јасно потенцирање дека евентуалното решение мора да биде правично и никако на штета на Македонија. И уште нешто. Дека заради претстојните претседателски избори во САД на ваквите добри услуги можеме да сметаме во периодот до крајот на септември 2008-ма година.

Во оваа прилика сакам да ја искажам мојата оценка дека никогаш во нашата историја, ниту како народ, ниту како држава не сме имале толку отворена и искрена поддршка од влијателен меѓународен фактор каква што во овој период имавме од најмоќната земја во светот - САД.

Процесот кој отпочна со соработката во Јадранската група, со нашето учество во мисиите во Ирак и во Авганистан, па преку признавањето на нашето уставно име во 2004-та година се до пост-букурешкиот период е нешто што можеби никогаш нема да се повтори, нешто што едноставно моравме максимално да го искористиме.

Случајно или не, на истиот период од април до октомври реферираше и комесарот Оли Рен, кој во име на Европската комисија ни ги посочи осумте одредници (бенч-маркови) кои мора да ги исполниме доколку сакаме во годишниот извештај на Комисијата да се најде препораката за почетокот на преговорите со Унијата.

Почитувани пратеници,

Човек без пријатели е сиромашен човек. Држава без пријатели е немоќна држава. Но ниту еден пријател без разлика колку е искрен и колку е голем не може да ни помогне ако тоа самите не му го овозможиме. Кај нашиот народ има една изрека: “Човек со сила може да ти земе, со сила не може да ти даде”.

На крајот на краиштата, државата е наша, одлуките се наши, но и одговорноста е наша.

Целокупната логика говореше дека после Букурешт мора максимално да се мобилизираме, да постигнеме внатрешен консензус и целосно да се посветиме на преговорите со Грција и на спроведување на реформите неопходни за исполнување на осумте поставени услови за добивање на датум за почеток на преговорите со Европската унија.

Често пати ме прашуваат дали сум сигурен дека во тој случај процесот во Њујорк успешно ќе завршеше. Дали сум сигурен дека Грција нема да останеше до крај непопустлива и дека нема да

поставуваше услови кои ние едноставно не можеме да ги прифатиме.

Ниту можам да бидам сигурен, ниту некој такви гаранции за позитивно решение на проблемот може да даде. Она што го знам е дека ние, заради самите нас и иднината на нашата земја, моравме да се обидеме. И дека шансите за поповолен компромис за нас беа поголеми со отколку без инволвираност на оваа американска администрација во процесот.

Од тие причини сум убеден дека одлуката да се оди на предвремени парламентарни избори во јуни беше погрешна.

Тоа мислење го имав тогаш кога и говорев пред ова Собрание и уште повеќе денес кога за жал развојот на настаните ги потврди моите стравувања.

Наспроти уверувањата дадени од страна на премиерот и Владата дека изборната кампања и периодот на конституирање на новата коалиција нема да го успорат или попречат ниту процесот на преговори ниту исполнувањето на условите за добивање на датум за почеток на преговорите со ЕУ, се случи токму спротивното.

Факт е дека во периодот од петте клучни месеци ние ниту преговаравме, ниту спроведувавме реформи. Тврдам дека за политичките партии немаше ништо значајно да се промени доколку изборите ги одржавме при крајот на годината, но дека за иднината на нашата земја и нашите граѓани тоа ќе беше голема разлика. Имавме голема шанса и наша обврска беше да се обидеме да ја искористиме. Дали и кога такво нешто ќе се повтори никој не знае.

Во однос на годишниот извештај на Европската комисија во кој не се содржеше препорака за одредување на датум за почеток на преговорите треба чесно и објективно да соопштиме дека таквкиот исход нема никаква врска со спорот околу името со Грција.

Ние не стигнавме до точката каде Грција евентуално би можела да не попречи.

Едноставно не ги исполнивме условите кои ни беа зададени и со тоа самите се оневозможивме трета година по ред да го направиме посакуваниот исчекор.

Конечно, во октомври медијаторот Нимиц излезе со нов предлог пакет за решавање на спорот. Дел од решенијата содржани во него за нас беа неприфатливи.

Од нас се бараше да ги изнесеме нашите забелешки и предлози за измена на содржината. Ние тоа не го направивме. И покрај сите претходни укажувања и од страна на медијаторот и од страна на нашите пријатели и поддржувачи дека враќањето на двојната формула не е пристап за преговори и решавање на спорот туку за нивно замрзнување, премиерот реши токму тоа да биде нашата позиција.

Почитувани пратеници,

На парламентарните избори еден од слоганите на опозицијата беше: “И уставно име и НАТО и ЕУ”. Одлично, кој тоа не би го поддржал, ама и тогаш и сега на сите ни е јасно дека не е можно. Владејачката партија тогаш ја обвини опозицијата за манипулација со граѓаните и ја прозва да објасни како мисли тоа да го реализира.

Денес Владата на Република Македонија токму тој нереален слоган го промовира во официјална политика на нашата земја. Денес Владата е таа која е должна на граѓаните да им објасни како мисли тоа да го реализира. На 17 ноември 2008-ма година Владата без било какви претходни консултации со мене, како Претседател на државата, поднесе тужба против Република Грција пред Меѓународниот суд на правдата за прекршување на Времената спогодба од 1995-та година.

Уште еднаш ќе повторам - тоа е апсолутно легитимна постапка. Во Букурешт Грција ја прекрши Времената спогодба и го попречи нашето интегрирање во НАТО. Клучното прашање е дали таквата постапка е и корисна за нас. Дали не приближува или не оддалечува од остварувањето на нашите национални и државни интереси а то е членство во НАТО и ЕУ. Тужбата отвора низа неизвесности. Ќе споменам само дел од нив:

1. Никој не може да гарантира колку судската постапка ќе трае. Оптимистичките предвидувања на Владата се помеѓу три и пет години. Постојат низа случаи кога Меѓународниот суд заседавал по поодделни постапки работел и многу подолго,понекогаш и цели децении.

2. Никој не може да гарантира каква ќе биде конечната пресуда на Судот, односно дали таа ќе биде позитивна за Република Македонија.

На сите ни е јасно што се случи во Букурешт. Но Судот ќе одлучува врз основа на формални докази, а не врз основа на политички анализи и логицирања.

3. Дури и кога пресудата би била во корист на Македонија не постои ефикасен механизам со кој Грција би се натерала да ја спроведе одлуката на Судот, односно да се врати на почитување на Спогодбата. При евентуален таков исход ние би добиле само морална сатисфакција но клучната цел - членство во НАТО и ЕУ повторно не би ја постигнале. Најавите на Владата дека самата тужба нема да ги отежне туку ќе ги интензивира преговорите е исто толку нереална и нелогична како и оние дадени во април дека во текот на изборната кампања посветено ќе преговараме и успешно ќе спроведуваме реформи.

Почитувани пратеници,

Жалам што морам да констатирам дека во еден подолг временски период вистински преговори за разрешување на спорот со Грција нема да има. Сосема консеквентно, тоа значи дека во истиот тој период членство во евро-атлантските структури за Република Македонија исто така нема да има. За таа реалност треба да бидеме наполно свесни како и за последиците кои од тоа ќе произлезат.

Основната причина за тоа е непопустливиот став на Грција односно нејзиното кршење на меѓународните правни принципи и газење на основните демократски вредности и начела. Меѓутоа, ние на политиката и однесувањето на Грција ниту можевме, ниту ќе можеме да влијаеме. Што се однесува до нашите грешки, нашите погрешни проценки и лошо поставени приоритети, а нив во овој период ги имаше многу, одговорноста е наша и исклучиво наша. Со користење на популизмот и злоупотреба на патриотските чувства на граѓаните, со поделбите на патриоти и предавници, со креирање на атмосфера дека ние во НАТО и ЕУ сакаме ама не мораме, дека Владата има алтернативна стратегија за сестран економски, демократски и општествен развој на државата и без наше интегрирање во евро-атлантските структури, ние самите го испишуваме сценариото и го трасираме патот за голем историски пораз.

Повикот за создавање единство врз ваква платформа е всушност повик за регрутирање на соучесници и поделба на одговорноста за спроведување на една губитничка политика однапред осудена на неуспех.

Во изборот кој власта денес го нуди во Македонија или целосно да се поддржи нејзината политика или ќе бидеш прогласен за предавник, јас доброволно и со целосна одговорност решавам да останам на нејзината листа на предавници. А не се сомневам дека времето ќе покаже што е вистински патриотизам и кои се вистинските патриоти.

Почитувани пратеници,

Не постои, ниту пак може да постои сериозен алтернативен концепт за иднината на Македонија и на нашето интегрирање во НАТО и ЕУ. Се друго не е развоен концепт туку борба за гол опстанок. Тоа е аксиома која важи не само за нашата земја туку и за сите други држави од Западен Балкан. Тоа е резултат на новото реконфигурирање на Европа кое се смета за апсолвирано прашање за сите релевантни меѓународни фактори. И за оние кои припаѓаат на НАТО и ЕУ и за оние надвор од овие структури.

Без успешни евро-атлантски интеграции нема да имаме позначаен прилив на странски инвестиции, нема нови работни места, нема намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Без членство во НАТО и ЕУ нема посилен економски развој, нема трајна политичка стабилност и безбедност.

Доколку во подолг временски период останеме без јасна евро-атлантска перспектива ќе се појави опасност за зачувување на меѓуетничкиот баланс во државата, нешто до што толку тешко дојдовме и на што се потпира стабилноста и напредокот на земјата.

Токму затоа, а не затоа што сакам или затоа што ми е мило, сметам дека треба да се обидеме да го решиме, а не да го одлагаме спорот со Грција, треба да се обидеме да дојдеме до компромис со кој ќе го заштитиме нашиот национален идентитет, да го одбраниме името на нашиот народ и нашиот јазик како македонски и во исто време да ја отвориме вратата за наше членство во НАТО и ЕУ.

Повторувам уште еднаш, го користам терминот “да се обидеме”. Гаранции дека ќе успееме нема. Но со политиката која денес е официјална во Македонија, гаранции дека нема да успееме има.

Почитувани пратеници,

Дозволете сосема накратко да се задржам на уште две прашања кои спаѓаат во доменот на надворешната политика.

1. Република Македонија со признавањето на независноста на Косово ја констатираше новата реалност во регионот. Наш интерес е во иднина да развиваме добри и пријателски односи со новиот сосед. Сметам дека секоја прилика од наша страна мора да биде искористена за да предупредиме дека било какво сценарио кое може да води кон евентуална поделба на Косово по етничка линија е опасно и може да предизвика тешки последици по целиот регион. Меѓународната заедница мора да го има овој факт во предвид. Во таа смисла последните збиднувања во и околу северно Косово со право предизвикуваат загриженост.

2. Треба да направиме се што е можно и потребно да дојде до брзо и целосно нормализирање на односите со Србија. Позитивната порака која ни ја упати Претседателот Тадиќ, треба да ја искористиме веднаш. Уште еднаш, ја повикувам Владата и Министерството за надворешни работи да ја покрене согласно Уставот и Законот пропишаната процедура за именување нов амбасадор на Република Македонија во Србија.

Наша определба била и мора да биде и во иднина развивање на подеднакво добри односи и со Белград и со Приштина.

Почитувани пратеници,

Прашање кое станува се поактуелно во Македонија и кое за жал во наредниот период ќе добива се повеќе на тежина и ќе биде се поприсутно во нашите дебати и во севкупниот живот на нашите граѓани е глобалната економско-финансиска криза и последиците што таа ќе ги предизвика по нашата економија.

Мора да признаам дека бев непријатно изненаден од леснотијата и несериозноста со кои Владата и нејзините најодговорни луѓе во подолг временски период ги игнорираа опасностите кои ни се закануваат.

Во овој период кога целиот свет беше на нозе, кога сите национални влади беа во перманентно заседание и формираа стратегии за справување со кризата, ние ги слушавме изјавите дека сериозни последици за Македонија ќе нема, па дури и такви дека кризата е голема шанса за македонската економија. Времето покажа дека реалноста е посилна од секоја илузија, дека Македонија не може да чекори во спротивен правец од светот и глобалните трендови.

Во клучните извозни сектори производството паѓа, а соодветно на тоа извозот се намалува и веќе рекордниот трговски дефицит продолжува да расте.

Во голем број на фирми и компании се прават списоци за принуден одмор, а во дел од нив се пристапува кон следниот најлош чекор - отпуштање од работа.

Вредноста на компаниите на македонската берза се стрмоглави надолу без било какви знаци за заздравување.

За жал, ова не е најлошото и вистинските тешкотии допрва ќе ги почувствуваме.

Владата со огромно задоцнување и без било какви сериозни подготовки излезе со пакет мерки кои според мене се недоволни и несоодветни. Споменатите 330 милиони евра се фиктивни. Тие не постојат и во најголем дел се однесуваат на простување на ненаплатливи побарувања создавани со години и без било каква релација со последиците од економската криза.

Најзасегнатите сектори, на пример металскиот комплекс или текстилот со овие мерки не добиваат ништо или скоро ништо.

Почитувани пратеници,

Во една ваква ситуација, првиот чекор без кој не може да стане збор за било каков одговорен пристап во справување со кризата е намалување на јавната и буџетската потрошувачка.

За да му се даде здив на стопанството, државата мора да штеди. За да останат повеќе пари во реалниот сектор, државата мора помалку да троши.

Со рекордниот буџет кој се предлага за 2009-та година од скоро 2,7 милијарди евра (за споредба, тој е повисок во однос на Буџетот од 2006-та за 50%), ние го правиме сосема спротивното.

Со ваква фискална политика ние не само што нема да ги ублажиме туку ќе ги продлабочиме и радикализираме последиците од кризата.

Од тие причини, ја користам оваа прилика и апелирам до Владата и до ова Собрание. Преиспитајте ја уште еднаш макро-економската политика за наредната година. Буџетот за 2009-та година се уште не е донесен. Се уште има време да се избегне грешката.

За онолку за колку ќе се заштеди на расходната страна ќе се создаде простор на приходната, преку ослободување од одредени давачки кон државата или давање на одредени субвенции да им се помогне барем на дел од фирмите или одредени сектори да ја преживеат кризата.

Посебно апелирам, да не биде императивот за успех по секоја цена на претстојните претседателски и локални избори клучниот фактор кој ќе ја дефинира макро-економската политика на државата. Во април или мај по изборите може да биде предоцна за било какви корекции. Штетите ќе бидат направени и непоправливи.

Почитувани пратеници,

Во ова мое обраќање до вас се задржав само на дел од клучните прашања со кои се соочуваме како народ и како држава. Постојат и низа други многу сериозни предизвици кои бараат соодветен одговор.

Наполно сум свесен дека изнаоѓањето на вистински решенија е тешка и ни малку едноставна работа.

Не најдобриот, туку единствениот начин да се дојде до нив е да се овозможи отворена и со ништо попречувана јавна општествена дебата.

Само низ транспарентен судир на различни мислења, аргументи и концепти во кои ќе се стимулира да учествува целокупниот интелектуален, стручен и политички потенцијал може да се дојде до нови или да се верифицираат постојните стратегии за решавање на круцијалните прашања.

За жал, денес во Македонија тоа го нема.

Денес, секој кој ќе се осмели да изнесе став различен од оној на владеачката структура ризикува да биде изложен на јавен линч, да биде прогласен за предавник, странски платеник, кочничар на реформите, а во последно време се почесто и да се соочи со кривични пријави за клевета.

Од една страна, од позиција на сила и моќ се врши притисок со упатување директни закани кон медиумите, а од друга со огромни државни пари преку формата на бесмислени владини кампањи се придобива поддршката на сопствениците на медиумите, или да го употребам точниот израз, се корумпираат медиумите.

Ова што ни се случува денес не е демократија. Со ваква политика државно единство не се гради. Со вакво владеење во Европа не се оди.

Почитувани пратеници,

Чувствував дека е моја должност и одговорност за ваквите негативни процеси јавно да предупредам и пред Собранието на Република Македонија.

Сосема на крај,

Ова е мое последно обраќање пред Вас и пред овој Парламент во својство на Претседател на државата.

Во изминативе скоро 5 години ми претставуваше огромна чест и гордост да ја претставувам државата и да ја вршам оваа висока должност. Се трудев тоа да го правам најдобро што можам и умеам, во согласност со Уставот и интересите на нашите граѓани.

Никогаш не тактизирав и не повладував на доминантното расположение или на моменталниот однос на сили. Го правев и се залагав за она за што верував дека е правилно и корисно за државата.

Времето некогаш ме потврдуваше, некогаш ме демантираше.

За сите пропусти и грешки ја преземам одговорноста. Ве уверувам дека не биле направени со намера и од тој аспект совеста ми е мирна.

На идниот Претседател на Републиката му посакувам многу успех кој и да е.

Посакувам искрено и од срце во неговиот мандат македонското знаме да се завиори на двата јарболи во Брисел.

Вам почитувани пратеници, ви благодарам на соработката и ви посакувам успешна понатамошна работа и добри резултати. Благодарам.

(Говорот беше пропратен со бурен аплауз)

**Трајко Вељаноски:** Му благодарам на Претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Констатирам дека Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија е завршена. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,43 часот)